ФЗОРСМ
FSSHRMV

Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија
Fondi për sigurim shëndetësor i Republikës së Maqedonisë së Veriut

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
FONDI PËR SIGURIM SHËNDETËSOR I
REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр./Nr. 08-15751/
04-11-2022 20 год./viti
СКОПЈЕ/SHKUP

# ИЗВЕШТАЈ

## ОД ИЗВРШЕНА ВОНРЕДНА ФИНАСИСКА КОНТРОЛА НА ПРЕСМЕТАНА И ИСПЛАТЕНА ПЛАТА НЕ МЕДИЦИНСКИ И ОРГАНИЗАЦИСКИ ДИРЕКТОР ВО ЈЗУ УК за ДИГЕСТИВНА ХИРУРГИЈА–Скопје

**октомври, 2022 година**

**И З В Е Ш Т А Ј**
**ОД ИЗВРШЕНА ФИНАНСИСКА КОНТРОЛА НА ПРЕСМЕТАНА И ИСПЛАТЕНА ПЛАТА НА МЕДИЦИНСКИ И ОРГАНИЗАЦИСКИ ДИРЕКТОР ВО**
**ЈЗУ Универзитетска клиника за Дигестивна Хиругија - Скопје**
**за периодот од 01.01.2022 до 30.09.2022 година**

Согласно добиениот налог број 08-15751/1 од 25.10.2022 година за вршење на вонредна финансиска контрола, направена е контрола на пресметана и исплатена плата на медицински и организациски директор во ЈЗУ УК за дигестивна хирургија.
Контролата е извршена согласно член 54, точка 12 и 13 и членовите 68 и 71 од Законот за здравствено осигурување, како и одредбите од Договорот за уредување на меѓусебните односи на здравствените установи со Фондот за здравствено осигурување на Македонија (во понатамошниот текст Фондот), од страна на овластените финансиски контролори од Фондот дипл.екк. Искра Чугунцалиева и М-р Вулнет Амза.

Контролата е извршена во октомври 2022 година.

**1. Основни податоци за раководството и овластеното лице од установата:**

| Менаџмент | Име и презиме | Статус | Назначен од |
|---|---|---|---|
| Директор лекар | Проф.Д-р Зоран Караџов | Медицински Директор | Од 03.01.2020 година Реш. Бр. 04-19/2 |
| Директор економист | дипл.прав. Авни Саљији | ВД Организациски Директор | Од 29.12.2020 година Реш. Бр. 04-492/1 |

На увид на контролата дадени се менаџерските договори за :
-медицински директор Проф.Д-р Зоран Караџов со архивски број 03-50/2 од 20.01.2021 година
-оганизациски директор дипл.прав. Авни Саљији со архивски број 04-470/1 од 18.12.2020 година.

Овластено лице од установата задолжено за доставување на информации во текот на контролата:

Име и презиме: Весна Проевска
Функција: **Сектор за Административни Правни работи Човечки Ресурси и Јавни Набавки**

Име и презиме: Валентина Велевска
Функција: **Сектор за Материјално Финансиски работи и Сметководство**

Од ЈЗУ УК за Дигестивна Хирургија дадени се на увид Овластувања од страна на Министерство за здравство со кои се овластуваат директорите на ЈЗУ УК за Дигестивна Хирургија Скопје за потпишување на:

- Анексот за изменување и дополнување на поединечниот Колективен договор со самостојниот синдикат на вработените во Универзитетски клиники,центри,клинички болници и други јавни во Република Македонија со број 01-119/1 од 12.02.2020 година.
- Анексот за изменување и дополнување на поединечниот Колективен договор со самостојниот синдикат на вработените во Универзитетски клиники, центри, клинички болници и други јавни во Република Македонија со број 01-19/1 од 02.01.2020 година.

На контролата и е дадена на увид Одлука за воведување на Дежурства од Министерство за здравство со број. 02-274/3 од 30.06.2022 година. Со Одлуката се овозможуват дежурства за работа на персоналот(здравствени работници) кои ги исполнуват законските услови за работа на дежурство.

На контролата и е дадено на увид согласност од МТСП за услови за работа (скратено работно време) број 03-1070/2 од 29.09.1989 година. Согласност се дава за:

- на 36 часа работно време во неделата на работниците кои работат во операциони сали на работи или работни задачи како:

1.Лекар специјалист хирург и лекар на специјализација по специјалност хирургија.

2.Лекар специјалист по анестезиологија и лекар на специјализација по специјалност анестезиологија.

3.Медицинска сестра-инструментарка.

4.Медицинска сестра-техничар по анестезија.

- на 39 часа работно време во неделата на работникот кои работат во Оделението за Интензивна Нега и реанимација,односно работни задачи како:

1.Медицинска сестра.

Во сектор човечки ресурси се води електронска евиденција за присуство на работа. За двајцата директори на увид ни беа дадени листите за евиденција на присутност за период од 01.01.2022 до 28.10.2022 година. Листата се вади по потреба.

Список за дежурни Лекари и на Хирурзи во приправност се изготвува месечно и тоа со потпис од двајцата Директори.

Од страна на главната сестра е изготвен рачен извештај за хирурзи во приправновст. На извештајот се евидентирани деновите кога лекарот бил на приправност, истотака се евидентирани часовите кои преку недела се пресметани по 8(осум )додека за викенд се пресметани по 16(шестнаесет) часови.

Пресметување на плата на медицински директор

| Назив по колективен договор | По КД/ПКД | јануари | февр. | март | април | мај | јуни | јули | август | септем. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Број на ефективни часови** | | 168 | 160 | 184 | 168 | 176 | 176 | 168 | 184 | 176 |
| **Вредност на бод** | **14.090** | **14.090** | **14.090** | **14.090** | **14.090** | **14.090** | **14.090** | **14.090** | **14.090** | **14.090** |
| коефициент на сложеност: | 8,07 | 8,07 | 8,07 | 8,07 | 8,07 | 8,07 | 8,07 | 8,07 | 8,07 | 8,07 |
| минат труд (35 год-17,5%): | 1.412 | 1.412 | 1.412 | 1.412 | 1.412 | 1.412 | 1.412 | 1.412 | 1.412 | 1.412 |
| додаток по основ на раководење: | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема |
| додаток по основ на услови за работа ( % ): | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема |
| прекувремена работа ( % ): | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема |
| додаток за ноќна работа ( % ): | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема |
| додаток во три смени ( % ): | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| додаток во орг.единица за ИМП ( % ): | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема |
| додаток за обично дежурство во хирургија/други гранки ( % ): | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема |
| Реализирани часови во обично дежурство во хирургија/други гранки ( % ): | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема |
| додаток дежурство во викенд и празник во хирургија/други гранки ( % ): | нема | нема | нема | нема | 142% | нема | нема | нема | нема | 142% |
| Реализирани часови во дежурство во викенд и празник во хирургија/други гранки ( % ): | нема | нема | нема | нема | 16 | нема | нема | нема | нема | 16 |
| Додаток на приправност-дежурство | 84% | 84% | 84% | 84% | 84% | 84% | 84% | 84% | 84% | 84% |
| Реализирани часови во приправност | 147 | 140 | 72 | 104 | 64 | 104 | 80 | 147 | 64 | 88 |
| додаток без остварен повик и ангажирање ( % ): | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема |
| Реализирани часови без остварен повик и ангажирање ( % ): | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема |
| додаток за остварен повик и ангажирање ( % ): | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема |
| Реализирани часови со остварен повик и ангажирање ( % ): | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема |

За медицински директор се дадени на увид:

- Решение за плата на здравствен работникот проф. Д-р Зоран Караџов на работно место в.д. Медицински директор во ЈЗУ УК за Дигестивна Хирургија Скопје со број 04-19/2 од 03.01.2020 годинаму се одредува плата согласно Закон и Колективен договор сметано од исплата на плата за месец Февруари/2020 во кој се утврдува коефициент на сложеност 8,070, минат труд 0,5% по години стаж.
- Решение за плата на в.д. Организациски Директор дипл.правн.Авни Салљији му се одредува плата согласно Закон и Поеденичен колективен договор од 22.12.2020 година во кој се утврдува коефициент на сложеност 6.379,и минат труд 0,5% по година стаж.

Платата се пресметува со полн фонд на часови во месецот ( зависно од деновите во месецот).

Коефициентите на сложеност за медицинскиот директор во ЈЗУ УК за Дигестивна Хирургија Скопје ( 8,070) е во согласност со КД.

Вредноста на бодот е во согласност со Спогодбата за најниска плата во здравството (14.090 денари).

Основната плата се пресметува правилно (само основниот коефициент на сложеност помножено со 14.090 денари ).

Пресметката на додатокот на минат труд е во согласност со КД.

-Медицински директор на ЈЗУ УК за Дигестивна Хирургија Скопје во период од јануари до септември 2022 година освен основна плата и минат труд има примања по основ додатоци на плата и тоа додаток за приправност (84%), и во месеците Мај и Август Дежурство во празник(142%).

-Часовите за приправност се пресметуваат за период од 21 од предходниот месец до 20 во тековниот месец. Во ЈЗУ УК за Дигестивна Хирургија Скопје во обичен ден се пресметува и исплаќа 8 часа Приправност и 16 часа Приправност во викенд и празник.

- Во месец Февруари бројот на часови во исплатна листа исплатени за приправност несоодвествува со бројот на часови поминати на приправност според Извештајот за приправност.
Според рачниот Извештај на приправност за периодот од 21.01.2021-20.02.2022 година на 20.02.2021(недела) се пресметани 8 часа а не 16 часа колку што се пресметува во викенд.

-Во месец Мај бројот на часови во исплатна листа исплатени за приправност не соодвествува со бројот на часови поминати на приправност според Извештајот за приправност.
Според рачниот Извештај на приправност за периодот од 21.04.2021-20.05.2022 година на 15.05.2021(недела) се пресметани 8 часови а не 16 часа колку што се пресметува во викенд.

-Во другите месеци што се предмет на контрола бројот на часови во исплатна листа исплатени за приправност соодвествува со бројот на часови поминати на приправност според Извештајот за приправност.

На медицински директор во месец Април и тоа на 25.04.2022 година и Септември на 08.09.2022 година според исплатна листа му се исплатени часови дежурство во празник истите соодвествуват со евидентната листа на Дежурства.

На медицински директор не му се исплаќа ноќна работа ,работа во недела, прекувремена работа, приправност.

Медицинскиот директор не користел боледување во периодот што е предмет на контрола

Медицинскиот директор користел годишен одмор и тоа
- во траење од 15 работни дена во периодот од 08.08.2022 година до 26.08.2022 година за што е изготвено решение број 04-5/10 од 06.06.2022 година. Во период кога бил на годишен одмор не дежурал што може да се види од Месечниот список за дежурства и од Извештајот за приправност.

Во 2022 година од страна на Министество за здравство е донесено Решение бр.17-3146/2 од датум 26.04.2022 со која се одобрува учество на медицински директор на:
-обука за трансплатација на црн дроб во клиничка болница Меркур во Загреб за период од 08.05.2022 година до 13.05.2022 година.
Во период кога бил на службено патување не дежурал што може да се види од од Месечниот список за дежурства и од Извештајот за приправност.

Пресметување на плата на организациски директор

| **Назив по колективен договор** | **По КД/ПКД** | јануари | февр. | март | април | мај | јуни | јули | август | септем. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Број на ефективни часови** | | 168 | 160 | 184 | 168 | 176 | 176 | 168 | 184 | 176 |
| **Вредност на бод** | **14.090** | **14.090** | **14.090** | **14.090** | **14.090** | **14.090** | **14.090** | **14.090** | **14.090** | **14.090** |
| коефициент на сложеност: | 6,379 | 6,379 | 6,379 | 6,379 | 6,379 | 6,379 | 6,379 | 6,379 | 6,379 | 6,379 |
| минат труд (11 год-5,5%): | 0,351 | 0,351 | 0,351 | 0,351 | 0,351 | 0,351 | 0,351 | 0,351 | 0,351 | 0,351 |
| додаток по основ на раководење: | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема |
| додаток по основ на услови за работа ( % ): | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема |
| прекувремена работа ( % ): | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема |
| додаток за ноќна работа ( % ): | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема |
| додаток во три смени ( % ): | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема |
| додаток во орг.единица за ИМП ( % ): | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| додаток за обично дежурство во хирургија/други гранки ( % ): | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема |
| додаток дежурство во викенд и празник во хирургија/други гранки ( % ): | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема |
| додаток без остварен повик и ангажирање ( % ): | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема |
| додаток за остварен повик и ангажирање ( % ): | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема |

За организациски директор е дадено на увид Решение на работникот А.С. именуван за вршител на должност Организациски Директор во ЈЗУ УК за Дигестивна Хирургија со број 04-492/1 од 29.12.2020 година, во кој се утврдува коефициент на сложеност 6,379 и минат труд 0,5% по години стаж.

Платата се пресметува со полн фонд на часови во месецот ( зависно од деновите во месецот)

Коефициентите на сложеност за организацискиот директор во ЈЗУ УК за Дигестивна Хирургија (6,379) е во согласност со КД.

Вредноста на бодот е во согласност со Спогодбата за најниска плата во здравството (14.090 денари).

Основната плата се пресметува правилно (само основниот коефициент на сложеност помножено со 14.090 денари ).

Пресметката на додатокот на минат труд е во согласност со КД.

На Организациски директор на ЈЗУ УК Дигестивна Хирургија освен основна плата и минат труд му е пресметан и Додаток 1 , со укажување на представниците од ЈЗУ истиот се однесува за исплата на патни трошоци врз основа на Решение бр.14-160 од 10.03.2021 година.
Патните трошоци не се дел од плата и на додатоците на плата затоа истите треба да бидат исплатени како расходи за патни трошоци(конто 420).

Организацискиот директор нема примања по основ додатоци на плата ( дежурство, ноќна работа или работа во недела, прекувремена работа, приправност - активна и пасивна).

Организацискиот директор користел годишен одмор и тоа:
- во траење од 10 работни дена во периодот од 04.07.2022 година до 15.07.2022 година за што е изготвено решение број 04-117/3-1 од 29.06.2022 година.
- во траење од 12 работни дена во периодот од 04.04.2022 година до 19.04.2022 година за што е изготвено решение број 04-5/3 од 30.03.2022 година.

Во контролиран период Организациски директор не бил на боледување и не бил на службени патувања во земја и странство.



Фонд за здравствено осигурување на Република Северна МакедонијаАдреса: Ул. Македонија, бр.5, 1000 Скопје Тел/Tel: 02/3289-000
Fondi për sigurim shëndetësor i Republikës së Maqedonisë së Veriut Adresa: Rr. Maqedonia, nr. 5, 1000 Shkupe-mail: info@fzo.org.mk
www.fzo.org.mk

*Забелешка:*

- Во рок од 8 (осум) дена од приемот на Извештајот ЈЗУ има право на Приговор по истиот до Одделението за буџетска и финансиска контрола во рамките на Сектор за финансиски прашања при ФЗОМ.

**Скопје,**
**01.11.2022 година**

**Финансиски контролори:**

Вулнет Амза

Искра Чугунцалиева

**Директор на сектор за финансиски прашања**

**Миле Сугарев**